Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11) и член 218 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14,146/15 и 52/16) Министерот за животна средина и просторно планирање ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-2583/4
18-05-2020 20 год.-viti

# ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

1. Во врска со Конкурсот за распределување на средства за финансирање по Програмата за управување со водите за 2020 година ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 278/19) на 28.12.2019 година, Жири комисијата формирана со Решение бр 02-922/1 од 30.01.2020 година, подготви предлог листа на проекти кои ќе се финансираат од дел III, точка 1 (Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти и Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на водите од 37.900.000,00 денари) од Програмата за управување со водите за 2020 година ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 278/19.) на 28.12.2019 година.
2. Носители на Програмата за управување со водите за 2020 година кои се распределени средства за финансирање и реализирање од дел III, точка 1 се следните:

| Бр. | Барател - Општина | Име на проект |
|---|---|---|
| 1 | Велес | Изградба на водоводна мрежа во населба Речани |
| 2 | Берово | Реконструкција на водоводна мрежа во Берово |
| 3 | Крива Паланка | Водовод на населби Просарци, Камењарци и Мачорци во с. Луке |
| 4 | Боговиње | Водоснабдување на с Пирок |
| 5 | Дебар | Изградба на резервоар за вода и систем за хлорирање |
| 6 | Пласница | Набавка на материјали за надградба и одржување на водоводна мрежа во Преглово |
| 7 | Свети Николе | Изградба на водоводна мрежа во с. Крушица |
| 8 | Сарај | Водоснабдување на селата: Рашче, Бојане, Копаница, Ласкарци и Буковиќ |
| 9 | Крушево | Водоснабдување на с Јакреново |
| 10 | Липково | Изградба на водоводна мрежа во Липково |
| 11 | Виница | Регулација на Градечка река |
| 12 | Василево | Регулација на река во Градошорци |
| 13 | Карбинци | Регулација и уредување на Козјачка река во Карбинци |

3. Правата и обврските меѓу носителите на избраните проекти и Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со објавениот Конкурс ќе се уредат со посебни Договори. Договорите ќе се склучат во согласност со член 218 од Законот за водите.

## Образложение

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11) и член 218 став 7 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14,146/15 и 52/16), како и Програмата за управување со водите за 2020 година ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 278/19) на 28.12.2019 година, Министерот за животна средина и просторно планирање донесе Решение за формирање Жири комисија заведено под бр. 02-922/1 од 30.01.2020 година за спроведување на Конкурсот за распределување на средства за финансирање по Програмата за управување со водите за 2020 година, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.278/19) на 28.12.2019 година.

Жири комисијата се состана на 06.04.2020 и 14.04.2020 година, ги разгледа доставените барања по објавениот Конкурс, за дел III, точка 1 од Програмата при што констатира дека одреден број на барања ги задоволуваат условите дадени во Конкурсот. По целосна проверка и анализа на доставените барања, Жири комисијата на ден 14.05.2020 година подготви Заклучок и предлог листа на проекти и му предложи на Министерот за животна средина и просторно планирање како наредбодавец, да ја потврди Предлог одлуката за избор и да ја прифати листата на предлог проекти кои ќе се финансираат од дел III, точка 1 од Програмата за управување со водите за 2020 година ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.278/19) на 28.12.2019 година .

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11) и член 218 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14,146/15 и 52/16), Министерот за животна средина и просторно планирање да ја донесе Одлуката за избор на предлог проекти кои ќе се финансираат од дел III, точка 1 од Програмата.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini